Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 28.05.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3673 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Радиодифузно трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 13 мај 2015 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 28 мај 2015 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (забрана за спонзорство на вести);

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 3 април 2015 година, за непочитување на членот 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-716, 03.04.2015 година) на Радиодифузно трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот надзор врз радио програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, емитуван на 13 мај 2015 година, **е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на членот 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***